ОПШТИНА ЦЕНТАР
Скопје

Архивски бр.: 26-5271/6
Датум: 27.11.2026

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25, 134/26, 212/26 и 272/26) Општина Центар – Скопје објавува

ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ
на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за поместување на границата помеѓу градежните парцели 6.255 и 6.267 од Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 06-дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар – Скопје

Во согласност член 63 став (10) од цитираниот Закон, комисијата за урбанизам, формирана од градоначалникот со Решение бр. 09-73/3 од 5.10.2026 година, достави **Известување со бр. 09-5271/2 од 29.10.2026 година до непосредните соседи** од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, **вкупно 16** (шеснаесет) **препорачани пратки со доставници**.
Во согласност со член 63 став (11) од Законот, 9 (девет) доставници се вратија во Општината со доказ за извршен прием, а **7** (седум) **се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка** и врз основа на таквата фактографија ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се барателите на предметната промена на градежните парцели 6.255 и 6.267 од Детален урбанистички план Градска Четврт Ј06-дел од локалитетот Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар – Скопје, за намерата на барателите за поместување на границата помеѓу градежните парцели и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација.

Предметниот проектен опфат (градежни парцели 6.255 и 6.267) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Детален урбанистички план Градска Четврт Ј06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот со Одлука број 08-5980/6 од 10.12.2019 година.

Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје, на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, **во барака бр. 3, канцеларија бр. 6 на 3.12.2026 година, од 9 до 11 часот,** и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица можат да достават приговори на Проектната програма.

Огласот за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави на веб страната на Општина Центар - Скопје www.centar.gov.mk и на информацискиот систем е-урбанизам.

Раководител на Сектор за урбанизам
Танкица Христова Спасовска, диа

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk